Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-837/2

18-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 837/1 од 05.12.2023 година, за заштита од дискриминација поднесена од Министерство за образование и наука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за неповедување на постапка**

НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка по претставката бр. 08-837/1 од 05.12.2023 година, поднесена од [redacted]

О б р а з л о ж е н и е

На 05.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) по електронска пошта е доставена претставка од страна на [redacted] заведена под бр. 08-837/1.

Согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Од причини што содржината на горенаведената претставка се однесуваше на иста правна работа за која Комисијата веќе постапувала по претходна претставка бр. 08-705/1 од 19.09.2023 година и донела мислење бр. 08-705/6 со кое не е утврдена директна дискриминација, одлучи да не поведе постапка по претставката бр. 08-837/1 од 05.12.2023 година.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,

Игор Јадровски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk